Бр. 12-2740/2
21-11-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ----------- ------------ од К----------, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2740/1 од 17.05.2019 година на подносителот ----------- - ------------ од К----------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-2740 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-2740/1 од 17.05.2019 година и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2740 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2740 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2740/1 од 17.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител - ----------- ------------ од К----------.

Со пријавата се изразува сомневање за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на еден судија во Основен суд Куманово и еден судија во Апелационен суд Скопје, при нивното надлежно постапување по судски предмет кој се водел пред Основен суд Куманово, а кој бил заведен по тужба поднесена од подносителот, во својство на тужител, по основ предавање на оставина. Подносителот на пријавата смета дека наведените судии постапиле незаконски при донесувањето на пресудите во конкретниот случај и бара од Државната комисија да покрене постапка за испитување и иследување на овој судски предмет и да донесе соодветни мерки против наведените судии.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот со број 12-2740 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-2740/1 од 17.05.2019 година ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 2740/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk